09-88/6
28-05-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 16-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот заведен под број 09-3099/1 од 05.12.2024 година оформен против службените лица: ------------------, претседател на совет на Општина ------------ и -----------------, член на Советот на општина --------------, СЕ ЗАПИРА.
Наводите од пријавата се потврдуваат, ДКСК констатирана повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и по спроведена постапка за порамнување, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.
Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-3099/1 од 05.12.2024 година е оформен по пријава од познат подносител, со наводи за кумулација на функции кај лицата: -------------, кој покрај функцијата Претседател на Совет на Општина ---------- е назначен за ВД Директор на ------------- и лицето ----------------, кој покрај функцијата член на Советот на Општина ------------ ја извршува и функцијата ВД Директор на -------------------.
По однос на наводите за кумулација на функции кај лицето ------------, ДКСК постапуваше по претходно доставена претставка со број 09-2110/1 од 31.07.2024 година со исти наводи, при што го утврди следново:
Службеното лице ----------- било избрано на функцијата Претседател на Совет на Општина -----------, со Решение за избор на Претседател на Советот на Општина ----------

---------- со бр. 09-1692/1 од 15.11.2021 година. Понатаму со Решение за именување на вршител на должност со бр. 11-5941/1 од 22.07.2024 година, видно од Историјатот за -------------, добиен од Дистрибутивниот центар на Централен регистер на РСМ, наведеното лице е именувано и на функцијата ВД Директор на ------------------.

Со вака констатирана фактичка состојба ДКСК утврди дека од страна на лицето ------------- е сторена повреда на член 44 став (4) од ЗСКСИ, што претставува прекршок казнив со член 105 став 1 алинеја 1 од истиот закон, по што согласно член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците, ДКСК спроведе постапка за порамнување против наведеното лице со доставување на Записник за констатиран прекршок и издаде Прекршочен платен налог.

Службеното лице ----------- на ден 18.12.2024 со допис заведен со бр.09-2110/11 достави доказ за уплата на глоба по изречен прекршок. Понатаму, согласно Решение за констатирање престанок на мандат на член на Совет на Општина ----------- со бр.09-153/1 од 22.01.2025 година на лицето ---------- му престанал мандатот член на Совет на Општина ----------- по негова оставка. Наведеното лице во моментот извршува една функција, ВД Директор на ------------------.

Во однос за наводите за кумулација на функции кај лицето -------------- ДКСК утврди дека службеното лице е избрано на функцијата член на Совет на Општина --------------, на ден 12.11.2021 година, кога му е верификуван мандатот врз основа на Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандатите на членовите на Совет на општина ----------, со арх.бр. 09-1678/1 од 12.11.2021 година. Во исто време лицето е и ВД Директор на -----------, именуван од страна на Министерот за ---------- со Решение за именување на вршител на должност со бр. 11-6016/3 од 23.08.2024 година, како и видно од: Историјатот за ------------- и информација за сопственик/орган на управување/овластено лице на подружница за физичко лице -----------------, добиени од Дистрибутивниот центар на Централен регистер на РСМ.

Со вака констатирана фактичка состојба, ДКСК утврди дека од страна на лицето ------------ е сторена повреда на член 44 став (4) од ЗСКСИ, што претставува прекршок казнив со член 105 став 1 алинеја 1 од истиот закон, по што согласно член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот за прекршоците, ДКСК спроведе постапка за порамнување против наведеното лице со доставување на Записник за констатиран прекршок и издаде Прекршочен платен налог.

ДКСК до именуваниот достави и Укажување дека констатираната состојба на повреда на ограничувањето за вршење на дејноста за време на вршење на функцијата може да ја надмине единствено доколку се откаже од извршување од една од двете функции член на Советот на општина ------ или ВД Директор на ------------ и дека е

потребно до ДКСК да достави соодветен доказ во рок од 15 дена по приемот на дописот.

Службеното лице ------------- на ден 29.01.2025 година, со допис заведен со бр.09-88/5 достави доказ за уплата на глоба по изречен прекршок, но не достави доказ за откажување на една од двете погоре споменати функции.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси поради утврдена повреда на одредби од овој закон од страна на наведеното лице, ДКСК ќе го извести Министерот за ----------, како надлежен орган за именувања на лицето -------------- на функцијата ------------ и ќе го извести Советот на Општина ---------------, како орган во кој службеното лице врши јавни овластувања како член на Совет.

Согласно член 24 став (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, надлежните органи се должни по известувањето на ДКСК за утврдената повреда на одредби од овој закон, писмено да ја известат ДКСК за преземените мерки во рок од 60 дена од добивањето на известувањата.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: м-р СМ – советник
Контролирал: К.З – раководител на сектор